# УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА НА МЕДИЦИНСКИОТ ПРОИЗВОД

## НАТРИУМ ХЛОРИД 0.9% БИОФАРМ
**Стерилен, раствор за инфузија 100 мл, 250 мл, 500 мл, 1000 мл**

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството**

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба повторно да го прочитате.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица бидејќи може да им наштети дури ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако забележите сериозно несакано дејство или било кое несакано дејство кое не е наведено во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт.

**Упатството содржи:**

1. Што претставува **Натриум Хлорид 0.9% Биофарм раствор за инфузија** и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да употребите **Натриум Хлорид 0.9% Биофарм раствор за инфузија**
3. Како да се употребува **Натриум Хлорид 0.9% Биофарм раствор за инфузија**
4. Можни несакани дејства
5. Чување на **Натриум Хлорид 0.9% Биофарм раствор за инфузија**
6. Дополнителни информации

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА НАТРИУМ ХЛОРИД 0.9% БИОФАРМ РАСТВОР ЗА ИНФУЗИЈА И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

**Натриум Хлорид 0.9% Биофарм раствор за инфузија** е медицински производ за интравенска примена. Се употребува според медицински рецепт во случаи на:

- дехидратација (зголемена загуба на течности како резултат на повраќање, дијареа);
- хиповолемија (како резултат на намалување на волуменот на течности во телото);
- хипонатриемија (ниска концентрација на натриум во телото), хипохлоремија (ниска концентрација на хлориди во телото).

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ НАТРИУМ 0.9% БИОФАРМ РАСТВОР ЗА ИНФУЗИЈА

Пред да употребите **Натриум Хлорид 0.9% Биофарм раствор за инфузија** ве молиме известете го вашиот доктор доколку сте алергични (хиперсензитивни) на натриум хлорид или на некој од ексципиенсите.

**Посебна претпазливост е потребна кај нарушувања кои бараат намалено внесување на натриум во организмот, како што се:**

- срцева слабост;
- генерализиран едем;
- артериска хипертензија (покачен крвен притисок);
- бубрежна и црнодробна слабост;
- хипопротеинемија (намалување на вкупните протеини во телото).

**Интеракции со храна и пијалоци**
Медицинскиот производ се применува интравенски според медицински рецепт.

**Бременост**
Побарајте совет од Вашиот доктор или фармацевт пред земање каков било лек.

**Доење**
Натриум хлорид е раствор за инфузија и се користи според медицински рецепт.

**Возење и управување со машини**
Бидејќи медицинскиот производ се употребува во болнички услови, активности како што се возење или управување со машини не се применливи.

**Употреба на други лекови**
Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт доколку земате или во последно време сте земале било каков медицински производ, вклучувајќи ги и лековите кои не се земаат на рецепт.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА НАТРИУМ ХЛОРИД 0.9% БИОФАРМ РАСТВОР ЗА ИНФУЗИЈА

**Натриум Хлорид 0.9% Биофарм раствор за инфузија** е раствор за инфузија (раствор за интравенска примена) и се користи според медицински рецепт. Вообичаено, дозата се одредува од страна на вашиот доктор. Доколку имате било какви сомнежи дека ефектите на Натриум Хлорид 0.9% Биофарм раствор за инфузија можат да бидат премногу силни или премногу слаби ве молиме разговарајте за ова со вашиот доктор.

**Ако сте употребиле повеќе Натриум Хлорид 0.9% Биофарм раствор за инфузија отколку што треба:**
Медицинскиот производ се користи според медицински рецепт.

**Ако сте заборавиле да го употребите Натриум Хлорид 0.9% Биофарм раствор за инфузија:**
Медицинскиот производ се применува во болнички услови и се користи под надзор на медицински персонал.

**Доколку престанете со употреба на Натриум Хлорид 0.9% Биофарм раствор за инфузија:**
Третманот со медицинскиот производ е под надзор на медицински персонал.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите лекови, **Натриум Хлорид 0.9% Биофарм раствор за инфузија** може да предизвика несакани ефекти, иако овие несакани ефекти не ги добиваат сите. Доколку некои од несаканите ефекти станат посериозни, или ако приметите било какви несакани ефекти кои не се наведени во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт.

## 5. ЧУВАЊЕ НА НАТРИУМ ХЛОРИД 0.9% БИОФАРМ раствор за инфузија

Да се чува на температура под 25°C.
Да се чува на места недостапни за деца.

Рок на употреба: 2 (две) години од датумот на производство.

Лекот не смее да се употребува после датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.
Само бистар раствор треба да се користи!
Кога се меша со други медицински производи задолжително е да се провери компатибилноста на додадениот медицински производ со pH на растворот и да се испита растворот за промена на боја или појава на талог.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Активни супстанции:**

- Натриум хлорид........................................................................................ 9 g/l
- pH: 4.5-7.0

**Ексципиенси:**
Вода за инјекции.

**Носител на одобрението за ставање на лекот во промет**
ЕЛБИЈОР ДОО увоз-извоз
ул. “Огњан Прица” бр. 41
1000 Скопје
Р.Македонија

**Производител**
**"БИОФАРМ-ИНЖЕНЕРИНГ" АД**
75, Тракија, бул.
8800 Сливен, Бугарија
Тел. +359 44 662 589
Факс. +359 44 624 087
e-mail: biopharm@sliven.net

**Датум на последна ревизија на упатството**
Јуни, 2011

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ